**Република С. Македонија**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр.22-631/21**
**05.10.2022 година**
**Ранковце**

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за Урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020), Градоначалникот на општина Ранковце го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**за организирање на повторена Јавна презентација и Јавна анкета по Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце-работна верзија**

Повторената јавна анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 21.10.2022 година до 31.10.2022 година секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи заштита на животната средина,лер и јавни дејности при општина Ранковце.

Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце ќе биде изложен на печатени плакати и соопштенија на огласна табла во зградата на општина Ранковце, во населеното место Гиновци на продавница „Мива Градба", во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на општината Ранковце.

Јавната презентација за Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце-работна верзија ќе се одржи на ден 26.10.2022 година со почеток во 12,00 часот во големата сала на општината Ранковце.

Планскиот опфат кое е предмет на уредување на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце зафаќа површина од 5,31 Ха и неговата местоположба е ограничена на површина на к.п.бр.912, 913, 914, 915, 916, 917, 918 и 918 КО Гиновци, во делот на локалитетот над живинарска фарма во с. Гиновци.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Ранковце и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки преку анкетните листови или забелешки во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам.

Изработил:
Моме Крстевски, д.г.и

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**